Република Македонија
**Влада на Република Македонија**
**Центар за управување со кризи**

Дел. Бр. 14-10/246
04.09.2019 година

Центар за управување
со кризи

Димче Мирчев бр.9
П.ФАХ 372 1000 Скопје,
Република Северна
Македонија
Тел. (02) 3249 101
Факс. (02) 3249 213
Сајт: www.cuk.gov.mk

**Предмет: ИНФОРМАЦИЈА за состојбите и настаните во Република Северна Македонија за перидот од 08:30 ч. на ден 03.09.2019 г. до 08:30 часот на ден 04.09.2019 г.**

**Информацијата е изработена според добиените писмени информации од Регионалните центри за управување со кризи, како и информациите од други субјекти кои учествуваат во системот за управување со кризи, во кои се наведуваат состојбите во областите за кои се надлежни.**

**За наведениот период ЦУК ги презентира следните обработени и селектирани информации:**

## 1. ЕЛЕМЕНТАРНИ И ДРУГИ НЕПОГОДИ

### *1.1. Активни пожари*

**РЦУК – Велес,** известува дека околу 11:00 часот од **ШС „Бабуна“** добиено е известување дека има нов пожар пред **с.Црквино**. интервенирале 2 екипи на **ТППЕ Велес** со 12 пожарникари и 3 ПП возила. Во гасењето на пожарот поради тоа што пожарот земаше замав командирот на ТППЕ побара помош од воздух. кај **с.Црквино.** На терен упатени беа се 12 пожарникари со 3 ПП возило. Пожарот се шири и зафаќа поголема површина. Гори сува трева, ниско стеблеста шума и смрека. Постои опасност да зафати и лозови насади Со гаснењето ќе се продолжи во текот на денешниот ден.

Околу 17:15 часот добиена е информација дека пожарот е сеуште **активен** и се шири кон **Грнчиште** и кон блокови со лозови насади. На терен гасат 12 пожарникари со 3 ПП возила од **ТППЕ Велес**. Авионите на **ДЗС** не биле пристигнати на местото на настанот.

Од командирот на **ТППЕ Велес** добиена е информација дека екипа од **ЈП Македонски шуми** не е забележана на терен. Пожарот зафаќа површина од околу 450 Ха.

Во 19:09 часот со 6 пожарникари со 2 ПП возила интервенирале на запалена сува трева кај **Пашин мост** ( во близина на Порцеланка). пожарот сеуште **активен.**

**РЦУК – Струмица,** известува дека пожарот на **планината Готен** во реонот на **с.Кушкалија - в.м.Железен дол – Брана Турија** е активен. Гори нискостеблеста деградирана шума - даб и габер. Во гаснењето учествуваат 10 вработени од **ПШС Беласица** и 2 вработени од **ловно друштво „Фазан“ Василево.**

Во попладневните часови од 16:30 часот, дејствува и хеликоптерот на **АРСМ.**

Пожарот на **планината Готен кај селата Покрајчево** и **Злеово** од **Радовишка страна** е ставен под контрола. Во гаснењето на пожарот интервенирале **ТППЕ Радовиш** од 4 пожарникари и 15 вработени од

**ПШС – Плачковица** заради контрола на состојбата во утрешниот ден повторно ќе се оди со вработените за контролирање на истиот.

Пожарот над **с.Кушкулија, општина Василево** ставен под контрола. дел е активен со ограничен моќ – нема сила за проширување, Во текот на вчерашниот ден во гаснењето учествувале 10 вработени од ПШС Беласица, 2 од ловно друштво Фазан , а во попладневните часови од 16:30 часот. дејствуваше и хеликоптерот на АРМ, кој по кажувањето на кординаторот ПШС Беласица фрлил 14 до 15 корпи со вода на опожареното место, очекуват и во текот на утрешниот ден да дејствува хеликоптерот од воздух. Со гаснењето ќе се продолжи во текот на денешниот ден.

**РЦУК – Битола,** известува дека пожарот во **ЕЛС Новаци** во атарот на **селата Брник, Рапеш, Маково, Долно Орехово, Грумази, Паралово** и **Ивени** кој што беше локализиран**, повторно е активиран** околу 11:30 часот во еден дел кај **м.в.Преслап** пред **с.Маково**. Постои опасност пожарот да се префрли и да се шири од левата страна на патот за **селата Маково** и **Рапеш** во правец на **с.Орле**. Во гаснењето на пожарот учествуваат 1 ПП возило „Амарок" на **ДЗС Битола** со 4 лица, 1 ПП возило на **ТППЕ Битола** со 3 пожарникари и 2 ПП возила од **РЕК Битола** со 6 пожарникари. На терен се присутни 10 вработени од **ЈП Македонски Шуми Битола** и 5 пожарникари од **ТППЕ Битола** како и 5 лица месно население. Градежната машина – булдожер која што на **01.09.2019 година** беше донесена во **с.Маково** се користи за правење на пресека од левата страна на патот со што пожарот би се спречил да се шири према **с.Орле** и околу 17:00 часот успеано е да се спречи ширењето на пожарот кон селото и истиот е локализиран (опш.Битола).

Пожар на отворен простор од 09:45 часот над **с.Големо Радобил** каде е зафатена смрека и габер околу 15:45 часот е ставен под контрола. На пожарот интервенирале екипа од 8 вработени од **ЈП „Црн Бор"** и неколку граѓани од месно население. Известени биле **ТППЕ Прилеп, МВР ПС Прилеп** и **ДЗС Прилеп** (опш.Прилеп).

Пожарот на потегот **с.Подвис** до **с.Годивле** е сеуште активен на сртот и во внатрешноста поради неповолен ветер. Екипа од 2 вработени во **ПШС „Липа" Крушево** се на терен и ја следат состојбата. По добиена информација дека пожарот добил на интензитет и почнал де се шири во 16:20 часот упатена е екипа и од **ППЕ Кривогаштани** со 1 ПП возило и 2 пожарникари, а ќе бидат упатени и дополнителна екипи од **ЈП Македонски Шуми** (5 лица) и 2 пожарникари со 1 ПП возило од **ППЕ Кривогаштани** (опш.Крушево).

**ТППЕ Прилеп** од 15:12 часот со 1 ПП возило и 3 пожарникари интервенираат на запалена сува трева и стрништа во атарот на **селата Ропотово** и **Дебреште.**

**РЦУК – Штип,** известува дека во атарот на **с.Мачево** околу 16:00 часот, избувнал шумски пожар. Гори мешовита борова и дабова шума и

сува трева. интервенирале 6 вработени од **ШС „Малешево“** со 1 теренско возило и пожарот е ставен под контрола. Од силниот ветер повторно се активира и се прошири кон **с. Владимирово,** пожарот е ставен под контрола .Во гаснењето учествувале 2 ПП возила, со 10 пожарникари ,вработени од ШС Малеш и луѓе од месното население. Сите учесници се сеуште на местото на настанот за да ја следаат ситуацијата од опасност за повторно активирање.

Околу 16:30 часот е пријавен шумски пожар на планината **Серта** во атарот на **с.Селце.** Гори нискостеблеста шума, смрека и сува трева пожарот е ставен под контрола. Во гаснењето учествувале 4 ПП возила, 20 пожарникари 5 вработени од ШС Серта со 1 машина (скип),теренско возило на РЦУК-Штип Лада Нива и 1 месното население. Една екипа од ТППЕ-Штип е на местото на настанот која ќе ја следи состојбата и во ноќните часови.

***1.2. Останати пожари***

**РЦУК – Скопје,** известува дека **БППЗ** на **Град Скопје** во периодот од 08:00 до 11:10 часот на ул.Будимпештанска бр.35-а, со 5 ПП возила и 10 пожарникари, гаснеле запалена кровна конструкција и спрат од куќа (опш.Карпош); Во време од 13:05 до 15:30 часот во атар на **с. Орланци** со ПП 1 возила и 3 пожарникари гаселе запална сува трева. Зафатени биле 1.000 м2 (о. Арачиново); Во време од 16:45 до 18:00 часот во атар на **с. Горни Крушопек,** интервенирале со 1 ПП и 3 пожарникари, гаселе запалена сува трева и мешана шума. опожарено биле 10,000 м2 (о. Сарај)

Во текот на денонокtие имале и две помали интервенции од кои за запалена сува трева и за запалена кујна и за запален контејнер во Градот и околината. Во сите случаи интервенирале со 1 ПП возило и 3 пожарникари.

**РЦУК – Битола,** известува дека **ТППЕ Битола,** имале и 2 помали интервенции на запалена сува трева во околината на градот.

**ТППЕ Прилеп,** имале 1 помала интервенција за запален електричен кабел во градот.

**ТППЕ Крушево,** имале 1 помала интервенција за запален смет и сува трева околу градската депонија.

**ТППЕ Демир Хисар** и **ПШС „Бигла“ Демир Хисар,** имале 1 помала интервенција за запалена сува трева во околината на градот.

**ТППЕ Ресен,** имале 1 помала интервенција за запалена сува трева и овошни насади во околината на градот.

**РЦУК – Струмица,** известува дека **ТППЕ Валандово** во период од 17:40 до 18:40 часот со 2 пожарникари и 1 ПП возило интервенирале на запалена трска и капини кај **с. Марвинци**

**ТППЕ Гевгелија** во период од 11:45 до 13:20 часот пожарот на гранична линија со Р. Грција во близина на железничката пруга и ПТЦ „Винојуг„ Гевгелија. Запалена е сува трева и нискостеблеста шума. во

гаснењето на пожарот интервенирале со 2 ПП возила и 3 пожарникари, пожарот е изгаснат.

**РЦУК – Велес,** известува дека околу 11:20 часот на ден 01.09.2019 година кој беше појавен пожарот во атар на **с.Павлешенци**, општина Свети Николе. Со пожарот е зафатени дабова шума, сува трева и нискостеблеста шума. На ден 03.09.2019година. пожарот целосно е изгаснат во 16:00 часот. Во гасењето на пожарот учествувале 10 пожарникари од ТППЕ Св.Николе со 3 ПП возила, 4 пожарникари од Куманово, 2 доброволци од ПП друштвото од Св.Николе, 10 од ШС Св.Николе, 5 ДЗС Куманово и 3 ШС Куманово.

**РЦУК – Тетово,** известува дека **ТППЕ Тетово** имало пожар помеѓу **с. Доброште и С.Нераште** со пожарот е зафатен сува трева, интервенирале со 1 ПП возило и 3 пожарникари пожарот целосно е изгаснат.

Во атарот на **с. Одри** имало интервенција со 1 ПП возило и 3 пожарникари интервенирале со 4 вработени од Шумско-Лешница горил сува трева околу 5.000 метри во 18:00часот Пс Лешница низвести дека пожарот е целосно изгаснат.

**РЦУК – Куманово,** известува дека **ТППЕ Куманово** пожарот кој беше активен пред неколку дена во **с.Павлешенце** од страна на **Св.Николе** се има проширено и во дел на Општина Куманово во атарот на с,Павлешенце, с.Градиште и Габреш , опожарена била поголема површина на запалена сува трева ниско стеблеста деградирана и дабова шума. Пожарот е ликвидиран на ден 03.09.2019година. во 08:45часот. А екипите остануваат на терен заради контрола и повторно активирање на пожарот.

Во **с. Романовце** имале една интервенција на запалена сува трева во периодот од 16:30 до 20:40часот во гаснењето на пожарот интевенирале со 1 ПП возила и 4 пожарникари.

## 2. ТЕХНИЧКО – ТЕХНОЛОШКИ КАТАСТРОФИ

### *2.1. Радиолошка, хемиска или биолошка контаминација и загадување на воздухот, водотеците и човековата околина*

**РЦУК – Битола,** ја пренесува информацијата од **ЦЈЗ Битола** во која се наведува дека бактериолошки неисправни се водите за пиење во **населените места Вирово, Мренога** и **Слоештица**. Примероците се земени од селските водоводи на ден **26.08.2019 година** и со потврдена неисправност на ден **29.08.2019 година**.

## 3. НАРУШУВАЊЕ НА РЕДОВНИТЕ СОСТОЈБИ ВО КОМУНАЛНАТА СФЕРА, СООБРАЌАЈОТ И ПРИ ПРОБЛЕМИ ВО СНАБДУВАЊЕТО СО ЖИВОТНИ НАМИРНИЦИ И МАТЕРИЈАЛНИ ДОБРА

### *3.1. Водоснабдување*

**РЦУК – Скопје,** ја пренесува информацијата од **ЈП Водовод и канализација** во која се наведува дека поради дефект на шибер од Ф – 80 мм на ул.Мито Хаџи Василев Јасмин (позади ЈАТ), во периодот од 09:00 до 13:30 часот, без вода останале дел од корисниците од ул.Мито Хаџи Василев Јасмин како и дел од корисниците од бул.Партизански Одреди (**опш.Центар**); Поради уличен дефект Ф – 80 мм на ул.Коперникова бр.19, со прекинато водоснабдување од 09:00 до 11:00 часот биле корисниците од улиците Коперникова, дел од Антон Димитров и дел од Румена Хаџипанзова (**опш.Кисела Вода**); Поради поврзување на хидрантска мрежа Ф - 100 мм на ул.Пандил Шишков бр.22, со прекинато водоснабдување од 10:30 до 12.30 часот биле корисниците од ул.Пандил Шишков бр.22 и бр.24 (**опш.Аеродром**); Поради уличен дефект Ф – 80 мм на ул.Филип Филиповиќ бр.18, со прекинато водоснабдување од 13:30 до 15:30 часот биле корисниците од истата улица (**опш.Гази Баба**); поради уличен дефект од ф-400 мм на ул. Шарпланинска (пред капија на Кокта), прекинато водоснабдување имаа корисниците од пумпена станица Новоселски пат, нас. Даме Груев, нас. Киселе Јабука, Стопански Двор, с. Волково и с. Орман. Од 18:30 – 01.00 часот (**опш.Ѓорче Петров**)

**РЦУК – Битола,** ја пренесува информацијата од **ЈП „Комуна“ Крушево** во која се наведува дека заради намалување на издашноста на сопствените извори и **изворот „Студенчица“** воведени се рестрикции во водоснабдувањето во ноќните часови и тоа од 23:00 до 05:00 часот горната зона на **улиците Томе Никле, Мише Ефтим, Таќа Бербер, Коча Миленку, Манчу Матак, Питу Гули** и **Партизанска**.

Во период од 18:00 до 22:00 часот средната и долната зона на пониските делови на **улиците Партизанска, Питу Гули, Коча Миленку, Манчу Матак** и **Нико Доага** како и центарот на градот.

**РЦУК – Куманов**, ја пренесува информацијата од **ЈП Водовод и канализација** - Куманово во која се наведува дека без вода останале корисниците од ул. Никола Карев,ул. Никшиќка,ул. Руѓер Бошковиќ,ул. Максим Горки,ул. Ѓорче Петров – Магаза,ул. 1, нас. Јане Сандански,нас. Вера Которка, Индустриска Зона и нас. Проевце, Висока Зона.

### *3.2. Електроснабдување*

**ЕВН Македонија известува дека поради планирани зафати на електро дистрибутивната мрежа на ден 05.09.2019 година без електрична енергија ќе останат:**

- **Од 09:00 до 11:00 часот, корисниците од средниот дел на с.Мрзенци и дел од корисниците во новата населба (опш.Гевгелија);**
- **Од 10:00 до 14:30 часот, корисниците од селата Мачево, Митрашинци, Робово, Смојмирово, Будинарци и м.в.Трска (опш.Берово);**

- **Од 10:05 до 12:30 часот, корисниците од улиците Петре Поповски, Ибе Паликуќа и дел од ЈНА (опш.Струга);**
- **Од 09:00 до 15:00 часот, корисниците од дел од ул.Железничка наспроти Винарска Визба (опш.Охрид);**
- **Од 10:00 до 14:30 часот, корисниците од селата Мустафино, Буриловци и Стануловци (опш.Штип);**
- **Од 08:30 до 12:00 часот, корисниците од селата дел од Оризаре, Слупчане, Алешевце, Руница, Извор и Белановце (опш.Липково);**
- **Од 09:00 до 11:00 часот, корисниците од дел од ул.Серменинска, ул.Никола Карев и хотел Пелагонија (опш.Гевгелија);**
- **Од 08:00 до 16:00 часот, корисниците од Радишани: дел од улиците Бутелска, Булачани, Раштак, Љуботен: Љуботенски пат (ул.30), ул.Радишани, дел од ул.Радишанска, ул.8, ул.10, ул.14, ул.24, ул.18, ул.32, ул.20, ул.36, ул.34, ул.40, ул.50, ул.48, ул.52, ул.44, ул.46, ул.42, ул.56, ул.54, ул.58, ул.19, ул.60, ул.62, ул.11, ул.1559 и селата Црешево, Виниче, Смиљковци, Љуботен и Страчинци (опш.Бутел - Скопје);**
- **Од 09:00 до 13:00 часот, корисниците од дел од ул.Абас Емин кај Тубелес (опш.Охрид);**
- **Од 09:30 до 13:00 часот, корисниците од пречистителна станица во Прилеп, КПД Затвор Прилеп и м.в.Кишовица (опш.Прилеп);**
- **Од 10:00 до 14:00 часот, корисниците од дел од ул.Карл Маркс (опш.Штип);**
- **Од 09:00 до 15:00 часот, корисниците од дел од ул.146 под патот за Шапка (опш.Тетово);**
- **Од 08:50 до 16:30 часот, корисниците од Слатински Чифлик, МХЕ Слатино, Антена ФАр - Предавател на МНАВ и селата Сошани, Оздолени, Издеглавје и Слатино (опш.Охрид);**
- **Од 09:00 до 12:00 часот, корисниците од Палатица - дел од објектите кај новата џамија (опш.Тетово);**
- **Од 10:00 до 14:00 часот, корисниците од селата Сарај и Гечерлија (опш.Струмица);**
- **Од 09:00 до 12:00 часот, корисниците од дел од ул.Илинден, ул.3-та Македонска Бригада и областа околу Житниот магацин во Паланка (опш.Крива Паланка);**
- **Од 10:00 до 11:00 часот, корисниците од ул.Кеј Вардар (опш.Гостивар).**

### *3.3. Производство на електрична енергија*

**РЦУК – Битола,** ја пренесува информацијата од **РЕК – Битола** во која се наведува дека **ТЕ – 1** е во застој, **ТЕ – 2** работел со снага од 165 MW и **ТЕ – 3** работел со снага од 195 MW.

**РЦУК – Тетово,** ја пренесува информацијата од **ЕЛЕМ ХЕЦ Маврово"** во која се наведува дека **ХЕЦ Врбен** произвела 72.750 квч електрична енергија. **ХЕЦ Врбен** 11.660 квч електрична енергија.

**РЦУК – Охрид,** известува дека **ХЕЦ Глобочица** има произведено 239.000 квч електрична енергија.

*3.4. Нарушување на сообраќајот*

Во извештајот добиен од **АМСМ** во **06:00** часот на ден **04.09.2019 година** се наведува дека сообраќајот на државните патишта се одвива по суви коловози.

**АМСМ** препорачува прилагодена брзина на движење, почитување на поставената сообраќајна сигнализација и внимателно управување со возилата, особено на патиштата низ котлините, речните долини и клисурите, каде има можност од појава на одрони. Ова посебно се однесува за делниците Катланово – Велес, Маврово – Дебар – Струга, Виница – Берово и Кочани – Делчево.

**РАБОТИ НА ПАТ:**

Виадукт Трејд известува дека на ден 19.08.2019 ќе се започне со изведување на градежни активности за поставување на електрично осветлување на **крстосница Катланово** на магистрален пат А1, делница **Петровец - Катланово,** во времетраење од 30 дена, за што ќе се изврши промена на режимот на сообраќај.

Од 31.07.2019 се почнува со изработка на прв слој асфалт на патен правец Лот 2 **Драчево-Орешани**. Како алтернатива ќе се користи патот низ Студеничани, пренасочувањата ќе бидат кај Бајота маркет на крај на нас.Драчево во правец кон Студеничани и кај Фурната во Студеничани во правец на нас.Драчево.

известува дека поради изведување на градежни работи на пат (асфалтирање) на регионалниот патен правец Р2344, населба **Чашка – с. Голозинци**, од 26.06.2019 год. (среда) сообраќајот ќе биде во прекин секој ден, освен во недела, од 10 – 16 часот во наредните два месеци.

**РЦУК – Скопје,** ја пренесува информацијата од **Македонски Железници** во која се наведува дека заради високите температури во периодот од 12:00 до 19:00 часот, има ограничување на максималната брзина на движење на возовите на **50 км/h.**

**4. ОСТАНАТИ ИЗВЕСТУВАЊА**

*4.1. Управа за хидрометеоролошки работи – временска прогноза*

**ВРЕМЕТО ВО НАРЕДНИТЕ ДЕНОВИ**

Од петок во попладневните часови ќе биде нестабилно облачно со локален пороен дожд, грмежи и засилен ветер.

***4.2. Институт за трасфузиологија***

**РЦУК – Скопје,** ја пренесува информацијата од **Институтот за трансфузиона медицина на Република Македонија** во која се наведува дека на ден **04.09.2019 година** планирани се крводарителни акции со вработените во МВР **Скопје,** во Црвен Крст **Карпош – Скопје** и во зградата на **опш.Кривогаштани.**

***4.3. Минирање***

**РЦУК – Скопје,** ја пренесува информацијата од **РУД Проект** дека на ден 04.09.2019 година во периодот од 08:00 до 16:00 часот на **површинскиот коп Цуцул – Говрлевска Краста – Скопско**, ќе вршат минирање.

***4.4. Останато***

**РЦУК – Скопје,** ја пренесува информацијата од **Град Скопје** – **Сектор за комунални работи,** во која се наведува дека авионската дезинсекција на подрачјето на **градот Скопје**, против возрасни форми на комарци, ќе се одвива на **05/06.09.2019 година**, во раните утрински часови.

Терестичната дезинсекција на подрачјето на **Град Скопје**, против возрасни форми на комарци, ќе започне на **10.09.2019 година** и ќе заврши најдоцна до **14.09.2019 година** во период од **23:00** до **04:00** часот, наредниот ден.

Доколку временските услови не го дозволуваат вршењето на дезинсекцијата, авионската дезинсекција ќе се изврши првиот нареден ден, кога временските услови ќе бидат поволни, во истиот термин, а согласно на тоа ќе се извршува и терестичната дезинсекција.

Се известуваат пчеларите навремено да ги преземат потребните мерки за заштита на пчелите.

**Оперативен центар на Центарот за управување со кризи на Р.Македонија, телефон 02/3249-211, 02/3249-212; факс: 02/3249-213, 02/3136-226; e-mail: situacionen.centar@cuk.gov.mk**

**Информацијата е изработена врз основа на:** Информација од РЦУК Скопје бр.246 од 03/04.09.2019; Информација од РЦУК Битола бр.16-3/245-3 од 03.09.2019 со Податоци за состојба со водите; Информација од РЦУК Струмица бр.16-3/538 од 03.09.2019 со Податоци за состојба со водите;Информација од РЦУК Охрид бр.16-3/297 од 03.09.2019; со Податоци за состојба со водите;Информација од РЦУК Велес бр.16-01/246 од 03.09.2019; со Податоци за состојба со водите;Информација од РЦУК Тетово бр.17-272 од 03.09.2019; со Податоци за состојба со водите;Информација од РЦУК Куманово бр.16-3/351 од 03.09.2019; со Податоци за состојба со водите;

Република Македонија
**Влада на Република Македонија**
**Центар за управување со кризи**

Известување за планирани прекини од ЕВН Македонија од 03.09.2019; Информација од МЖСПП од 03.09.2019; Временска прогноза и хидролошка информација од УХМР од 03.09.2019; Известувања од АМСМ од 03/04.09.2019.

**Подготвил:** Али Рецепи
**Прегледал:** Петре Наков

**ЦЕНТАР ЗА УПРАВУВАЊЕ СО КРИЗИ**
**Оперативен дежурен центар**

**Доставено до:**

1. Претседател на Република Северна Македонија
   **Кабинет на Претседателот**
2. Влада на Република Северна Македонија
   **Кабинет на Премиерот**
   **Генерален секретар**
3. Министерство за внатрешни работи
   **Кабинет на Министерот**
   **ДОЦ на МВР**
4. Министерство за надворешни работи
   **Кабинет на Министерот**
5. **Агенција за Разузнување**
6. Министерство за одбрана
   **Кабинет на Министерот**
   **ОЦ на ГШ на АРМ**
7. Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство
   **Кабинет на Министерот**
   **Агенција за храна и ветеринарство**
   **Управа за хидрометеоролошки работи**
8. Министерство за здравство
   **Кабинет на Министерот**
9. Министерство за животна средина и просторно планирање
   **Кабинет на Министерот**
10. Министерство за транспорт и врски
    **Кабинет на Министерот**
    **Агенција за државни патишта**
11. Министерство за образование
    **Кабинет на Министерот**
12. Дирекција за заштита и спасување
13. ЈП „Македонски шуми"
14. Државен инспекторат за шумарство и ловство
15. ЕВН
16. Црвен крст на РМ
17. АМСМ
18. Мисија на ОБСЕ
19. Амбасада на САД
20. Амбасада на Р.Франција
21. Обединети нации (UNDSS)
22. Светска здравствена организација
23. ПК на Совет на Европа Скопје
24. Македонија Пат
25. Корисници во ЦУК (по посебен список)
26. Архива